У-5 бр. 1289/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет, Валентина Конеска и Елљмедине Асани - членови на советот, со записничар Јован Трпевски - раководител на одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-477/6 од 16.07.2019 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на 17.01.2020 година донесе

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Оспореното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-477/6 од 16.07.2019 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА:

Жалбата на ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје изјавена против Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка од 08.07.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставна Отворена постапка бр.01655/2019 за набавка на услуги - изработка на елаборат за ризик на работни места на договорниот орган ЈЗУ Општа болница - Прилеп, СЕ УВАЖУВА.

Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка од 08.07.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставна Отворена постапка бр.01655/2019 за набавка на услуги - изработка на елаборат за ризик на работни места на договорниот орган ЈЗУ Општа болница - Прилеп, СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа во фаза на повторно постапување и одлучување.

СЕ ЗАДОЛЖУВА договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот - економскиот оператор ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје, согласно членот 166 став 4 од Законот за јавните набавки.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-477/6 од 16.07.2019 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот изјавена против Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка од 08.07.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставна Отворена постапка бр.01655/2019 за набавка на услуги - изработка на елаборат за ризик на работни места на договорниот орган ЈЗУ Општа болница - Прилеп.

Незадоволен од наведеното решение тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи и предметот врати на повторно постапување и одлучување, поради суштествени повреди на одредбите на постапката и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека договорниот орган не постапил по насоките од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-438/6 од 05.07.2019 година и не требал да ја поништи конкретната постапка за избор на најповолна понуда поради непредвидени промени во буџетот на договорниот орган, уште повеќе што во моментот на донесување на одлуката на договорниот орган - 08.07.2019 година, истиот се уште ја немал добиено потребната согласност од Министерството за финансии за нови вработувања, односно истата е донесена на 10.07.2019 година, а примена од договорниот орган на 11.07.2019 година. Појасни дека финансиската понуда која ја доставил е согласно Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа.

Во одговор на тужбата тужениот орган остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка. Исто така, тужениот го извести Судот дека предметните списи се достапни со пристап преку Електронски систем за јавни набавки со кој управува Бирото за јавни набавки.

Управниот суд постапувајќи по тужбата го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот најде:

Тужбата е основана.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган ЈЗУ Општа болница - Прилеп спровела постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.01655/2019 за набавка на услуги - изработка на елаборат за ризик на работни места, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка од 31.05.2019 година, постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки. Набавката не била делива и било предвидено истата да заврши без спроведување на е-аукција како последна фаза од постапката, а како критериум за избор била предвидена најниската цена, со барање од понудувачите во Огласот и Тендерската документација да достават Изјава за сериозност на понудата и Гаранција за квалитет од 5%. До крајниот рок за поднесување на понудите - 17.06.2019 година пристигнале вкупно 8 понуди за што бил составен Записник од отварањето на понудите од 17.06.2019 година, па по извршената првична проверка на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди, Комисијата при договорниот орган дала предлог како најповолна да биде избрана понудата на Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Технички факултет - Битола, кој предлог бил прифатен и била донесена Одлука за избор на најповолна понуда од 20.06.2019 година. Оваа одлука била предмет на жалба и поништена со Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-438/6 од 05.07.2019 година и постапката била вратена во фаза на повторна евалуација на понудите согласно членот 109 ставови 6 и 7 од Законот за јавни набавки, како и согласно Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа. Постапувајќи по одлуката на Државната комисија за жалби по јавни набавки, договорниот орган по извршената повторна евалуација на понудите, донел Одлука за поништување на постапката од 08.07.2019 година, согласно членот 114 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки, односно поради непредвидени промени во буџетот на институцијата,

како не би дошло до непотребни трошоци за изработка на елаборатот кој немало да биде реален заради бројката на вработени, а поради фактот што во меѓувреме од Министерството за финансии на РМ била добиена согласност за нови вработувања.

Против оваа одлука, економскиот оператор - сега тужителот ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, која со оспореното Решение бр.09-477/6 од 16.07.2019 година ја одбила како неоснована, констатирајќи дека договорниот орган искористувајќи го законското право предвидено во членот 114 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки, ја поништил предметната постапка за избор на најповолна понуда, поради непредвидени промени во буџетот на институцијата, како не би дошло до непотребни трошоци за изработка на елаборатот кој немало да биде реален заради бројката на вработени, а поради фактот што во меѓувреме од Министерството за финансии на РМ била добиена согласност за нови вработувања.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 став 1 точки 1 и 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.136/2007 ... 165/2017), со овој закон особено се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, како и еднаков третман и недискриминација на економските оператори.

Согласно членот 2 став 1 точка 10 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/2019), тендерска документација е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација.

Согласно точката 11 од истиот член, прифатлива понуда е понуда поднесена од понудувачот која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно членот 81 став 1 од Законот за јавните набавки, договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно членот 105 став 1 од Законот за јавни набавки, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Согласно членот 109 ставови 6 и 7 од Законот за јавни набавки, евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во Тендерската документација, така што неприфатливите понуди Комисијата нема да ги евалуира.

Согласно членот 137 став 1 од Законот за јавните набавки в.в. член 110 став 1 од Законот за општата управна постапка, договорниот орган како првостепен е должен во целост да постапи по насоките дадени во решението на второстепенот орган (во случајов Државната комисија) со кое е уважена жалбата и предметот е вратен на повторно решавање.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган не ги применил правилно горе цитираните законски одредби, кога го донел оспореното решение со кое ја одбил како неоснована жалбата на тужителот ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје изјавена против Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка од 08.07.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставна Отворена постапка бр.01655/2019 за набавка на услуги - изработка на елаборат за ризик на работни места на договорниот орган ЈЗУ Општа болница - Прилеп.

Ова од причина што по спроведената постапка за јавна набавка по Оглас за доделување на договор за јавна набавка со поедноставена Отворена постапка бр.01655/2019 за набавка на услуги - изработка на елаборат за ризик на работни места, била донесена Одлука за избор на најповолна понуда од 20.06.2019 година, против која е поднесена жалба од сега тужителот - економскиот оператор ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје и донесено е Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-438/6 од 05.07.2019 година со кое е уважена жалбата и поништена е Одлуката за избор на најповолна понуда од 20.06.2019 година и предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган, со насоки повторната евалуација на понудите да ја изврши согласно членот 109 ставови 6 и 7 од Законот за јавните набавки и согласно одредбите од Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа, во делот на евалуирање на финансиската понуда на прифатливите понуди. Наместо да постапи по наведените насоки, договорниот орган донел одлука со која ја поништил конкретната постапка за избор на најповолна понуда согласно членот 114 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки со образложение дека настанале непредвидени промени во буџетот на институцијата, па како не би дошло до непотребни трошоци за изработка на елаборатот кој немало да биде реален заради бројката на вработени, а поради фактот што во меѓувреме од Министерството за финансии на РМ била добиена согласност за нови вработувања, пред се имајќи го предвид фактот дека финансиската понуда на конкретниот предмет на јавна набавка зависи од бројот на вработени во договорниот орган.

Меѓутоа од увидот во доказите во предметот, Судот утврди дека Известувањето на Министерството за финансии на РМ за добивање на согласност за нови 33 вработувања, било донесено на 10.07.2019 година и примено кај договорниот орган на 11.07.2019 година, додека Одлуката за поништување на конкретната постапка за избор на најповолна понуда била донесена на 08.07.2019 година, односно пред да биде официјално примено наведеното известување, што значи дека во моментот на донесување на одлуката договорниот орган сеуште не знаел дали евентуално ќе му бидат одобрени дополнителни средства за нови вработувања и дали бројот на вработените би бил евентуално зголемен, кој фактор е важен при утврдувањето на вредноста на предметот на набавката.

Исто така, а во прилог на неоснованоста на предметната Одлука за поништување на постапката за избор на најповолна понуда, е и фактот што конкретната постапка била поништена со образложение дека настанале непредвидени

околности - промени во буџетот на институцијата поради евентуално одобрување на нови вработувања, додека согласно Известувањето од Министерството за финансии на РМ бр.18-5754/2 од 10.07.2019 година, како и одредбите од Законот за буџетите, биле обезбедени дополнителни средства за нови вработувања, што значи дека евентуално новите вработувања не би предизвикале промени во претходно обезбедените средства за реализација на тековните јавни набавки во договорниот орган. Ова уште повеќе што согласно одредбите од членот 75 став 1 од Законот за јавните набавки во договорните органи, однапред се планираат и подготвуваат врз основа на планираните и одобрени извори на финансирање, за што се донесува и План за вкупните потреби на набавки во тековната година по видови, во кој план покрај останатото, се определува и проценетата вредност на секоја конкретна јавна набавка.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека причините за донесување на Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка од 08.07.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со поедноставна Отворена постапка бр.01655/2019 за набавка на услуги - изработка на елаборат за ризик на работни места на договорниот орган ЈЗУ Општа болница - Прилеп се спротивни на законските одредби од членот 75 став 1 од Законот за јавните набавки, со оглед дека договорниот орган треба јавната набавка однапред да ја планира и подготвува врз основа на планираните и одобрени извори на финансирање, па оттука фактот Известувањето на Министерството за финансии на РМ за добивање на согласност за нови 33 вработувања, не треба да се прифати како настаната непредвидена промена во буџетот на институцијата во смисла на членот 114 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки, дотолку повеќе што истото е донесено по донесената Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка од 08.07.2019 година.

Имено , со оглед дека по повод првично поднесената жалба на сега тужителот донесено е Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-438/6 од 05.07.2019 година, со кое е уважена жалбата и поништена е Одлуката за избор на најповолна понуда од 20.06.2019 година а предметот е вратен на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган како првостепен, кој во повторно постапување имал конкретни насоки по кои требало да постапува, односно повторната евалуација на понудите да ја изврши согласно членот 109 ставови 6 и 7 од Законот за јавните набавки и согласно одредбите од Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа, во делот на евалуирање на финансиската понуда на прифатливите понуди, договорниот орган немал правен основ да носи Одлука за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка од 08.07.2019 година по предметниот Оглас, туку да постапува по Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-438/6 од 05.07.2019 година кое е во сила.

Предвид погоре наведеното, Судот наоѓа дека во повторно постапување и одлучување договорниот орган треба да ги има во предвид укажувањата на овој суд дадени во оваа одлука и да постапи согласно напатствијата дадени во Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-438/6 од 05.07.2019 година, односно истиот да изврши нова евалуација имајќи ги предвид понудите на економските оператори кои ги почитувале одредбите од Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручни работи за безбедност при работа, во делот на евалуирање на финансиската понуда на прифатливите понуди(Службен весник на Република Македонија бр.10 /2014) и средниот курс на НБРМ кој важел 14 дена пред крајниот рок за поднесување на понуди, правилно и целосно да ја утврди фактичката состојба,

правилно да ги примени законски одредби од Законот за јавни набавки по што ќе донесе правилна и законска одлука.

Судот согласно членот 166 став 4 од Законот за јавните го задолжил договорниот орган да му ги надомести трошоците на тужителот - економскиот оператор ТЕХНИЧКА СИГУРНОСТ - БМВ ДООЕЛ - Скопје, како во изрека на одлуката.

Со оглед на погоре изнесените причини, следуваше Судот согласно членот 39-а став 1 од Законот за управните спорови в.в. член 170 став 4 од Законот за јавните набавки, да одлучи по жалбата и оспореното решение да го поништи.

Пресудено во Управниот суд на 17.01.2020 година под У-5.бр.1289/2019.

Записничар - раководител на одделение
Јован Трпевски

Претседател на советот - Судија
Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за тужба и одлука во износ од 1.280,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Пресуда да се достави на:
- тужителот
- тужен орган

Претседател на совет - Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

Републикa Северна Македонија * Управен суд * Скопје
Gjykata Administrative * Shkup

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
1

АГК/